Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 05-288/2
28.01. 2021 год.-viti
Скопје-Shkup

# ЗАПИСНИК
**за извршен инспекциски надзор**

Ип 1 бр. 57-5
Датум: 22.1.2021 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | РСМ, Национална установа-Национална опера и балет - Скопје | |
| Седиште/адреса на субјектот | | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | Народна банка на РСМ | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: директор | Телефон | Е-пошта |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН 2. ВОНРЕДЕН 3. КОНТРОЛЕН | | |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 12.1.2021 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 10.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 20.1.2021 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа-Национална опера и балет - Скопје | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра: 90.02) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата | Бул. „Гоце Делчев“ бр. 4 - Скопје | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës së
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. "Gjuro Gjakoviq" nr. 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075 273 066
www.kultura.gov.mk

каде се врши надзорот

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ за месец јануари 2020 година, а во врска со Известувањето од Секторот за инвестициски работи на Министерството за култура, бр. 50-8761/1 од 10.9.2020 г., доставено до министерката за култура и до Секторот за управен и инспекциски надзор, како и Барањето од Секторот за инвестициски работи на Министерството за култура, бр. 50-537/1 од 15.1.2021 г., доставено до Секторот за управен и инспекциски надзор.

4) Инспекцискиот надзор е извршен од: виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ (во натамошниот текст: СУИН на МК).

Предмет на вонредниот инспекциски надзор е работењето на субјектот на инспекцискиот надзор НУ Национална опера и балет - Скопје (во натамошниот текст: НОБ), од аспект на примена на одредбите од член 70-а став (4) и (5) од Законот за културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а врз основа на наводите од Известувањето од Секторот за инвестициони работи на МК, бр. 50-8761/1 од 10.9.2020 г., кое се однесува на пет национални установи од областа на културата, вклучително и НОБ. Имено, во Известувањето се изразува сомнеж дека преведените средства од МК, наместо за исплата на фактури за снабдување со топлинска енергија кон Балкан Енерџи ДООЕЛ од Скопје, биле користени за исплата на склучени договори помеѓу установата и различни правни и физички лица за кои установата немала обезбедено средства, при што за исплата се користеле преведените средства од Буџетот на РСМ преку МК, од Програма 84 ставка 421, по 3 налози за извршување. Дополнително, со Барањето од Секторот за инвестициски работи на Министерството за култура, бр. 50-537/1 од 15.1.2021 г., доставено до Секторот за управен и инспекциски надзор се иницира вонреден инспекциски надзор во НОБ, од причина што, во декември 2020 г., од преведените средства од Програма 84 ставка 421 и ставка 424, присилно се наплатени дополнителни 610.000 денари, по 4 налози за извршување (односно по 5 налози за извршување, што дополнително е утврдено при вонредниот инспекциски надзор).


Министерство за културата
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273 066
www.kultura.gov.mk

6) Во извршувањето на овој инспекциски надзор не се употребени листи за проверка од причина што е во прашање вонреден инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] директор | [redacted] | [redacted] |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа и лицата [redacted] финансов раководител (надворешен соработник, ангажирана со договор за дело), [redacted] виш соработник-сметководител, [redacted] финансов сметководител и [redacted], виш соработник-сметководител (надворешен соработник, ангажирана со договор за дело).

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Поради природата и околностите на инспекцискиот надзор, записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

11) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

11.1. Согласно со член 29 став (1) и (2) од Законот за културата, по пат на јавен оглас, со Решение на министерот за култура бр. 43-8581/7 од 3.8.2018 г [redacted] е избран за директор на НОБ, со мандат од 4 години.

11.2. Врз основа на налозите за извршување И. бр. 107/2020 од 12.2.2020 г., И. бр. 609/2020 од 17.2.2020 г. и И. бр. 449/2020 од 31.2.2020 г. (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), од буџетската сметка на Установата, од програма 84 ставка 421 (од преведните средства од МК за топлинска енергија за месец јануари 2020 г.), присилно се наплатени 293.454 денари (Банков извод бр. 5 од 4.3.2020 г.). МК повторно ги превело на НОБ присилно наплатените средствата во износ од 277.386 денари со Решение бр. 50-1239/127 од 23.7.2020 г. (Банков извод бр. 27 од 29.7.2020 г.).

Врз основа на презентираната документација и изјавите на присутните лице, при надзорот е утврдено дека присилната наплата на 293.454 денари е врз основа на решенија на 3 извршители и тоа:

- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 107/2020 од 12.2.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), за неплатена обврска по Договор од 19.7.2018 г. и Фактура бр. 571/2018 од 4.9.2018 г. (на износ од 211.220 денари) од „Токси-вет"ДООЕЛ-Скопје, од сметката на НОБ, од програма 84 ставка 421, присилно се наплатени 141.855 денари (останатиот дел од долгот со камата и други трошоци се наплатени од сметката за закупнини). Ненамирениот долг е по основ на услуга за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на објектот на НОБ (15.000 м2), извршена на 20.7.2018 година

- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 609/2020 од 17.2.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), по 10 фактури од „Македонска авторска агенција" ДОО-Скопје, од сметката на НОБ, од програма 84 ставка 421, присилно се наплатени 148.764 денари. Ненамирениот главен долг, во вкупен износ од 91.408 денари, е по основ на неплатени обврски кон лицето ангажиран како хорски уметник во репертоарот на НОБ, при што 13.060 денари се од 2016 г., 39.174 денари се од 2017 г. и 39.174 денари од 2018 година.

- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 449/2020 од 31.2.2020 г., од извршител за камата и трошоци, од сметката на НОБ, од програма 84 ставка 421, присилно се наплатени 2.835 денари. Наплатениот износ е дел од ненамирениот долг (остатокот е наплатен од други програми и ставки на сметката на НОБ), по основ на неплатени обврски кон лицето по основ на Договор за закуп на станбен простор бр. 03-1441/01 од 18.4.2013 г., а којшто е раскинат на 30.6.2017 г., што значи дека ненамирените обврски се за периодот 2013-2017 година.

11.3. Врз основа на налозите за извршување И. бр. 672/2020 од 9.11.2020 г., И. бр. 1390/2020 од 10.11.2020 г., И. бр. 395/2020 од 19.11.2020 г., И. бр. 783/2020 од 20.11.2020 г. и И. бр. 1318/2020 од 20.11.2020 г. (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), од буџетската сметка на Установата, од програма 84 ставка 421 (од преведните средства од МК за топлинска енергија за месец октомври 2020 г.), и од ставка 424 (од преведните средства од МК за испитување и одржување на лифтови), присилно се наплатени 610.000 денари (Банков извод бр. 46 од 15.12.2020 г.). Според презентираната документација, наплатата е извршена веднаш по

преведувањето на средствата од МК, иако НОБ се обидел фактурите за топлинска енергија за месец октомври и за одржување на лифтови да ја плати веднаш (доставен налог до НБРСМ на 7.12.2020 г.), но извршните решенија биле наплатени приоритено.

Со Допис бр. 05-2875/1 од 22.12.2020 г., НОБ од МК побарал повторно одбрување на средства за топлинска енергија за месец октомври 2020 г. и за испитување и одржување на лифтови, но до денот на надзорот сеуште нема добиено одговор од МК.

Врз основа на презентираната документација и изјавите на присутните лице, при надзорот е утврдено дека присилната наплата на 610.000 денари е врз основа на решенија на 5 извршители и тоа:

- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 672/2020 од 9.11.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), по Фактура бр. 50/2016 од 28.10.2016 г. од ДПТУ „Автоматско-технолошки системи" ДООЕЛ-Скопје, од сметката на НОБ, од програма 84 ставки 421 и 424, присилно се наплатени 79.057 денари. Ненамирениот главен долг во вкупен износ од 35.654 денари, е по основ на неплатена обврска од 2016 г. за монтажа на систем за евиденција на работното време на вработените во НОБ
- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 1390/2020 од 10.11.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), по 77 фактури од ДППУ „Офис плус" ДООЕЛ-Скопје, од сметката на НОБ, од програма 84 ставки 421 и 424, присилно се наплатени 290.632 денари. Ненамирениот главен долг, во вкупен износ од 173.386 денари, е по основ на неплатени обврски за канцелариски материјали за потребите на НОБ, во периодот од март 2016 г. до ноември 2018 година.
- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 395/2020 од 19.11.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), по 2 фактури од „Македонска авторска агенција" ДОО-Скопје, од сметката на НОБ, од програма 84 ставки 421 и 424, присилно се наплатени 40.930 денари. Ненамирениот главен долг, во вкупен износ од 26.342 денари, е по основ на неплатени обврски кон лицето ангажиран како техничко лице во оркестарот на НОБ (за номеври 2016 г. и јануари 2017 година).
- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 783/2020 од 20.11.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), по Фактура бр. 25/09/2017 од 10.10.2017 г. од ЈЗУ „Центар за јавно здравје"-Скопје, од сметката на НОБ, од програма 84 ставки 421 и 424, присилно се наплатени 89.276


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

389 2 3240 643 и
075/273 066
www.kultura.gov.mk

денари. Ненамирениот главен долг, во вкупен износ од 49.900 денари е по основ на неплатена обврска од 2017 г. за извршена услуга за дезинфекција, дезинсекција и дератизација на објектот на НОБ.

- Врз основа на Налог за извршување И. бр. 1318/2020 од 20.11.2020 г. од извршител (за главен долг, камати и други трошоци за извршување), по 6 фактури од „Македонска авторска агенција" ДОО-Скопје (на вкупен износ од 272.322 денари), од сметката на НОБ, од програма 84 ставки 421 и 424, присилно се наплатени 110.105 денари (останатиот дел од долгот со камата и други трошоци се наплатени од други програми и ставки). Ненамирениот главен долг е по основ на неплатени обврски кон лицето ангажиран како уметнички советник на Операта на НОБ (за период март-септември 2017 година).

11.3. При надзорот не е утврдено ненаменско трошење на средствата за снабдување со топлинска енергија на НОБ, преведувани од Буџетот на РСМ преку МК, од Програма 84 ставка 421.

11.4. При надзорот е утврдено дека присилната наплата по решенија на извршители, од различни програми и ставки на буџетската сметка на НОБ (како и од сметките за сопствени приходи) се резултат на проблемот со огромните долгови на установата, којшто е присутен во нејзиното работење веќе десетина години. Континуираното зголемување на ненамирени обврски на установата се констатирани во записниците од извршените инспекциски надзори од страна на СУИН на МК, а за констатираните прекршоци - преземање на обврски кон доверители и направени расходи над одобрените средства со Буџетот на РСМ, на одговорните лица на НОБ им се издавани (и реализирани) прекршочни платни налози. Последен пат, при извршениот вонреден инспекциски надзор од страна на инспектор на СУИН на МК (за што е изготвен записник ИП 1 бр. 56-29 од 23.3.2018 г.), констатирано е преземање на обврски кон доверители и направени расходи над одобрените средства со Буџетот на РСМ за 2017 година, по што за сторен прекршок предвиден во Законот за културата, на правното лице (НОБ) и на тогашниот директор (како одговорно лице) им се издадени платни налози (ИП 1 бр. 56-29 од 11.4.2018 г.), по што од нивна страна е платена глоба предвидена со Закон.

Од презентираната документација и изјавите на присутните лица, при надзорот е констатирано дека зголемувањето на ненамирените обврски континуирано растело до 2018/2019 година, по што има стагнација, па и одредено намалување на долговите.


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr 61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

389 23 40 643 и
07..... 066
www.kultura.gov.mk

Така, со споменатиот Записник ИП 1 бр. 56-29 од 23.3.2018 од извршениот инспекциски надзор е констатирано дека ненамирените обврски во март 2018 г. изнесувале 44.944.501 денар, додека во Барањето бр. 03-4062/1 од 1.11.2018 г., НОБ ја известува Владата на РСМ дека на 31.8.2018 г. (состојба веднаш по именувањето на актуелниот директор , вкупниот долг на установата изнесува 50.319.675 денари. Според податоците коишто НОБ месечно ги доставува во ситемот е-обврски на Министерството за финансии, ненамирените обврски на установата на 31.12.2019 г. изнесувале 46.187.107 денари, а состојбата на 31.12.2020 г. е 38.123.068 денари, што значи дека минативе две години има одредено намалување на ненамирените обврски.

Сепак, проблемот со големите долгови несомнено и во иднина ќе биде причина за тужби од доверители и присилна наплата со решенија од извршители. Притоа, имајќи ги предвид таквите состојби, при надзорот му е укажано на директорот дека, при водењето на установата, треба се раководи од економичноста во работењето, согласно со одредбите од член 28 од Законот за културата.

12) Врз основа на утврдената фактичка состојба при вонредниот инспекциски надзор, се констатира дека:

-не е утврдено ненаменско трошење на средствата преведувани од Министерството за култура за снабдување со топлинска енергија на НОБ, а присилната наплата по решенијата на извршители се должи на проблемот со континуираното зголемување на ненамирени обврски на установата минатите десетина години. За констатираните прекршоци - преземање на обврски кон доверители и направени расходи над одобрените средства со Буџетот на РСМ, на одговорните лица на НОБ им се издавани (и реализирани) прекршочни платни налози. (Последен пат, за 2017 година).

Од презентираната документација и изјавите на присутните лица, при надзорот е констатирано дека зголемувањето на ненамирените обврски континуирано растело до 2018/2019 година, по што има стагнација, па и одредено намалување на долговите. Во март 2018 г. ненамирените обврски изнесувале 44.944.501 денар (констатирано со записник од инспекциски надзор), на 31.8.2018 г. (состојба веднаш по именувањето на актуелниот директор вкупниот долг на установата изнесува 50.319.675 денари (нотирано во Допис на НОБ до Владата на РСМ), додека, според податоците коишто НОБ месечно ги доставува во ситемот е-обврски на Министерството за финансии, ненамирените


Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Гуро Гаковиќ“ бр.61 Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Gjuro Gjakoviq“ nr.61 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
www.kultura.gov.mk

обврски на установата на 31.12.2019 г. изнесувале 46.187.107 денари, а состојбата на 31.12.2020 г. е 38.123.068 денари, што значи дека минативе две години има одредено намалување на ненамирените обврски.
Притоа, имајќи ја предвид состојбата со големите ненамирени обврски, при надзорот му е укажано на директорот дека, при водењето на установата, треба се раководи од економичноста во работењето, согласно со одредбите од член 28 од Законот за културата.

13) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

14) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

| Потпис на претставникот на субјектот на надзорот: | Печат и потпис на инспекторот за култура: |
| --- | --- |
| | виш инспектор |
| Датум: ____.1.2021 г. | Датум: 22.1.2021 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë se Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk